[База на податоци на купени новогодишни пакетчиња]

# Украсувањето на улиците се откажа, но новогодишните пакетчиња останаа

За разлика од откажаното украсување на градовите и општините за дочекот на Новата 2022 година, државните институции ја продолжија практиката на купување новогодишни пакетчиња за децата. За оваа цел се потрошени 72 илјади евра.




Тендери за купување пакетчиња за новата 2022 година имале 20 институции, додека други 37 институции купиле пакетчиња без примена на Законот за јавните набавки бидејќи вредноста на набавките била помала од илјада евра – колку што изнесува вредносниот праг под кој што не важи Законот за јавните набавки. Сепак, и некои од институциите што спровеле тендер набавиле пакетчиња за помалку од илјада евра,

но решиле тоа да го направат со примена на Законот за јавните набавки поради поголема транспарентност.

Вкупната сума пари потрошени за пакетчиња за новата 2022 година изнесува 72.571 евро, но се очекува оваа вредност да биде уште поголема имајќи предвид дека некои институции сè уште ги немаат објавено договорите и вредноста на потрошените пари за оваа намена.

На повеќе од две третини (68 %) од тендерите за набавка на новогодишни пакетчиња била добиена само по една понуда, на помалку од една третина од тендерите имало по две или три понуди. Меѓу фирмите од кои се набавувани новогодишните пакетчиња убедливо води Колид од Колешино од каде се купени една четвртина од пакетчињата.

Најмногу институции купувале пакетчиња за децата на своите вработени, а помал дел купиле пакетчиња и за деца кои се наоѓаат во болница, специјални училишта и сл. Најголем дел од пакетчињата се со традиционални кондиторски производи, но има и такви со литература и материјали за цртање за деца.

Најмногу пакетчиња, 3.274 купила Општина Кавадарци, иако со пониска поединечна цена. Блиску, според бројот на купени пакетчиња е и Општина Прилеп со 3.030. Најскапи пакетчиња, како и претходната година, и сега купила Општина Новаци, по 1.377 денари за едно пакетче. Вкупно најмногу пари за пакетчиња, односно околу 10.000 евра потрошил Град Скопје.

Некои институции купиле по неколку видови пакетчиња, поевтини и поскапи. Меѓу институциите кои купиле најскапи пакетчиња, покрај Општина Новаци спаѓаат и Општина Битола по цена од 1.050 денари, Град Скопје по цена од 973 денари, М-НАВ по 853 денари и Министерството за одбрана по цена од 840 денари. Просечната цена што институциите ја платиле за едно новогодишно пакетче изнесува 566 денари.



Сепак, поединечните цени и количините на купените новогодишни пакетчиња се познати само за оние институции кои имале тендер за оваа намена, но не и за останатите 37 кои купиле пакетчиња за пониска вкупна вредност од законскиот лимит за спроведување на тендер.

[Базата на податоци за јавните набавки на новогодишни пакетчиња, во отворен формат, е дадена во прилог на оваа анализа].



Институции кои купиле новогодишни пакетчиња на тендер

| Институција | Вредност на договорот | Институција | Вредност на договорот |
| --- | --- | --- | --- |
| Град Скопје | 632.677 | М-НАВ АД Скопје | 122.835 |
| Општина Прилеп | 498.500 | Општина Ѓорче Петров | 117.516 |
| Општина Кавадарци | 379.606 | Општина Аеродром | 106.060 |
| Општина Струга | 300.000 | Општина Велес | 100.000 |
| Општина Битола | 234.990 | Собрание на РСМ | 80.098 |
| Општина Бутел | 223.905 | Општина Ново Село | 69.009 |
| Собрание на РСМ | 218.960 | Министерство за одбрана | 67.200 |
| Општина Новаци | 141.600 | Општина Босилово | 52.500 |
| КЈП Нискоградба – Битола | 130.509 | Општина Кривогаштани | 38.868 |
| Министерство за правда | 129.129 | | |

Основа за пресметка на трошењата на институциите за новогодишни пакетчиња се податоците од вредноста на склучените договори за јавни набавки објавени на Електронскиот систем за јавни набавки. Нема податоци дали институциите ги купиле сите договорени количини на пакетчиња. Во истражувањето се вклучени сите договорни органи во Република Северна Македонија кои имале ваков вид на набавка во 2021 година.

* * *

Center for Civil Communications
Центар за граѓански комуникации

CIVICA MOBILITAS | Citizens for change!

Годишната програма на Центарот за граѓански комуникации е поддржана од програмата Цивика Мобилитас.

Содржината на оваа анализа е единствена одговорност на Центарот за граѓански комуникации и на ниту еден начин не може да се смета дека ги одразува гледиштата на Цивика мобилитас, на Швајцарската агенција за развој и соработка (SDC) или на организациите што ја спроведуваат.

Цивика мобилитас е проект на Швајцарската агенција за развој и соработка (СДЦ) кој го спроведуваат НИРАС од Данска, Македонскиот центар за меѓународна соработка (МЦМС) и ФЦГ Шведски развој АБ (ФЦГ Шведска)